ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 74 – 1/2008
Загреб, 07. 06. 2008.

# З А П И С Н И К

од **1. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **07.06.2008. година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб и И. Дуноски – Риека.

**Отсутни:** Зоран Петровски – Пула и Н. Гроздановски – Загреб.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Давчевски, претс. на Советот на МНМ за Град Риека, М. Апостоловска, гл. уредничка на „М. глас“ и Г. Колески, член на НО на Заедницата.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, а потоа го прочита дн. ред за истата. По расправата за редоследот на точките од предложениот дн. ред, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** новиот редослед, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 16-та седница и од вонредниот состанок на УО од 05.04.2007.;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.04.-30.06.2008.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2008. godine“ со трошковниците;
4. „План и програмата на работата за 2008. година со финансиска конструкција„ усвојување и донесување на одлуки за остварување на планираните програми во наредниот период (формирање работни тела и организациски одбори);
5. Усвојување на „Финансискиот план на Заедницата„ за периодот од 01.04.-31.12.2008. година;

6. Донесување на одлука за разрешување на досегашните членови на колегиумот на списанието „Македонски глас„ (главен и одговорен уредник, уредништво, редакциски одбор и редакција) и именување на нови членови;
7. Донесување на одлука за разрешување на секретарот на Заедницата и именување на нов секретар;
8. Донесување на одлука за зголемување на примањата на административната секретарка на Заедницата;
9. Донесување и усвојување акти за регулирање на правата и трошоците за службените патувања преку Заедницата;
10. Разно.

**Ад. 1.** По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 16. седница и од вонредниот состанок на УО од 05.04.2007., со напомена дека сметката од 23.05.2003. година (ресторан „Обртнички дом„ на износ од 1.787,00 кн.) Заедницата ќе настојува да ја реши до крајот на оваа година и со забелешка од Б. Штерјов во иднина освен одлуките, и важните расправи кои се водат на седниците да бидат спомнати во записникот (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше припремен и предаден од страна на друштвата (освен Пула и Задар) и од Заедницата (прилог). Претс. А. Митревски даде предлог да се направи пано во Заедницата на кој ќе бидат по датуми прикажани сите случувања и манифестации на друштвата и Заедницата за да се има поголема прегледност и да се избегнат преклопувања на истите.

**Ад. 3.** За кварталното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2008. godine“ за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и на време предаден до Советот (прилог) заедно со Извештаите на друштвата, со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** заедно со трошковниците и патните налози. Тој притоа даде објаснување и на некои прашања кои беа поставени во врска со трошковниците и патните налози, како и за донациите до Заедницата кои се наведени во Извештајот. Во врска со регулација на големината на заедничките режиски трошоци на Заедницата (од заедничка причува), како и во врска со уредувањето и поправките кои треба да се извршат во просториите на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** и го задолжија Г. Колески да преземе иницијатива и да ја реши таа проблематика.

**Ад. 4.** Претс. А. Митревски го претстави на присутните „Планот и програмата на работа за 2008. година со финансиска конструкција„ кој беше изработен врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства во РХ за доделување на финансиски средства за 2008. година (прилог) и нагласи дека оваа година многу се каснеше со него поради изборите во Владата на РХ кои се поклопија пред крај на 2007. година. М. Мајиќ констатираше дека е направена замена во доделувањето на средствата за Македонската вечер и Деновите на македонската кинематографија во Задар и дека износите треба да бидат обратно поставени. Б. Штерјов даде примедба дека Советот доделил премалку средства за култ. маниф. „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор бидејќи е оваа година јубилејна и дека треба на таа маниф. да и се посвети повеќе внимание, а со тоа и да и се доделат повеќе средства. Исто така, претс. А. Митревски рече дека се доделени премалку средства и за издавање на зборникот од Б. Јовановски и дека и тој проект треба да се поддржи со средставта од Заедницата. И. Дуноски рече дека и за реализација на култ. маниф. „Илинден„ е доделено премалку средства. Се дојде до заклучок дека програмите за идната година ќе треба повнимателно да се разработат на еден заеднички состанок. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** „Планот и

програмата на работа за 2008. година со финансиска конструкција„ **и ги донесоа следните одлуки**:

- За следната година, предлог-програмите на време да се припремат и разработат на заеднички состанок во Заедницата за да можат одговорно да се претставаат до Советот за нац. малцинства за доделување на средствата;
- Се доделуваат уште 10.000,00 кн. за Зборникот од Б. Јовановски од средствата доделени за „М. глас„;
- За следниот УО да се припреми од страна на МКД „Охридски бисер„ детална разработка за реализација на култ. маниф. „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор за да се образложи нивното барање за доделување на уште 10.000,00 кн. од средствата доделени за „М. глас„;
- Секое друштво да достави до Заедницата список со имиња на децата кои ќе имаат настава по македонски јазик во летниот камп на Шолта, врз основа на кој Министерството за наука, образование и спорт на РХ ќе ја одреди висината на средствата за реализација на тој проект;
- Култ. маниф. „Ден на Заедницата на Македонците во РХ„ која беше предвидена за реализација на 08 септември, се поместува за 12 октомври, недела; За членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се именуваат А. Митревски, Е. Петровска, Б. Штерјов, О. Ламбевски и Г. Колески; За членови на програмскиот одбор се именуваат сите водители на секциите на друштвата под водство на И. Дуноски.

По оваа точка направена е пауза од 15 мин. Потоа седницата продолжи со својата работа.

**Ад. 5.** За предлогот за „Финансискиот план на Заедницата„ за период од 01.04. – 31.12.2008. год. (прилог), претс. А. Митревски рече дека и оваа година, освен веќе добиените средства, ќе се бараат средства и од други меродавни институции, па друштвата веќе би требале да почнат да размислуваат кои програми ќе ги предложат за 2009. година. Предадена е и Програма за 2009. година на конкурсот на КТИ од Министерството за надворешни работи на РМ преку Амбасадата на РМ во РХ. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** „Финансискиот план на Заедницата„.

**Ад. 6.** Претс. А. Митревски рече дека мандатот од 4 години на членовите на Колегиумот на списанието „Македонски глас„ истече и дека со тоа сите членови од Колегиумот се автоматски разрешени од своите должности. Е. Петровска го прочита материјалот од М. Паризоски (прилог), додека останатите материјали од О. Бојаџиски и М. Апостоловска беа поделени на членовите на УО пред седницата. За тие реагирања беше речено дека за уредничката и редакциската работа на едно такво аматерско списание како што е „М. глас„ ненамерни пропусти и грешки, па со тоа и поединечни незадоволства секогаш ќе има, но дека треба да се истакне и тоа дека во последните 4 години списанието во целина по својот квалитет и естетика ги надмина очекуваните резултати и дека е тоа единствено важно и треба да се почитува. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се прифаќа оставката на Марко Паризоски од членството на Редакцискиот одбор на „М. глас„;
- За главен и одговорен уредник на „М. глас„ **се именува** Марина Апостоловска;
- За Уредништвото на „М. глас„ **се именуваат**: Владо Чакмак за компјутерска обработка, Марија Георгиева Петриќ за лектор и Елизабета Петровска за секретар и коректор;

- За членови на Редакцискиот одбор на „М. глас„ **се именуваат**: Огнен Бојациски, Јагода Цветичанин и Горан Калоѓера;
- За членови на Редакцијата на „М. глас„ **се именуваат**: Елизабета Петровска – Загреб, Бранка Јањиќ – Осиек, Ратко Димовски – Пула, Владо Настески – Риека, Еми Лонгин – Задар и Виолета Рајиќ Жгањер – Сплит;
- Главниот и одговорен уредник, членовите на Уредништвото, Редакцискиот одбор и Редакцијата на „М. глас„ се именуваат со мандат во траење од 4 години; Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето;
- Не се одобруваат патните трошоци за учеството на М. Паризоски на „4. Отворен куп на Хрватска за новинари во готвење брудет„ кој се одржа од 12-13. април 2008. година на Корчула бидејќи поканата за тој куп службено не пристигнува на адресата на Заедницата;
- Да се свика седница на Редакцискиот одбор на „М. глас„ и да се решат отворените прашања за работата на списанието.

**Ад. 7.** Како и во претходната точка, претс. А. Митревски рече дека мандатот од 4 години на секретарот на Заедницата истече и дека со тоа тој е автоматски разрешен од своите должности. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:

- **Се именува** Елизабета Петровска на функцијата секретарка на Заедницата со мандат во траење од 4 години;
- Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

**Ад. 8.** Претс. А. Митревски рече дека делотворноста на Заедницата многу и должи на адм. секретарка Е. Петровска, која својата работа ја работи совесно и стручно, често по потреба и прекувремено поради зголемувањето на обимот на нејзините работни задачи, и дека поради тоа, како и поради заголемувањето на буџетот на Заедницата за оваа година, треба реално да и се зголемат и примањата. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** почнувајќи од 01.06.2008. година, на адм. секретарка на Заедницата, Е. Петровска, да и се исплатува плата во износ од 4.000,00 кн. нето месечно, заедно со сите други обврски према Законот.

**Ад. 9.** Во врска со донесувањето акти за регулирање на правата и трошоците за службените патувања кои се реализираат на терет на Заедницата, претс. А. Митревски даде предлог дека би било најдобро за следниот УО да ги припреми М. Давчевски, бидејќи е тој правник и таа област му е добро законски позната, со што членовите на УО едногласно се согласија. Потоа, на прашањето за одржаното службено патување на претс. на Заедницата во Прилеп, РМ, тој одговори дека по пристигнувањето на поканата, реализацијата била договорена со негова телефонска консултација со потпретседателите на Заедницата.

**Ад. 10.** Под точката разно, членовите на УО расправаа за неколку прашања. Најнапред, М. Мајиќ ја појасни проблематиката со реагирањето на Ж. Силавски до УО, а во врска со одржувањето на редовното Собрание на Друштвото од Задар. За ова се даде предлог да се повика проширен УО на МКД „Билјана„ од Задар (со членовите на НО и Судот на честа на Друштвото) на кој ќе присуствуваат и два члена од УО на Заедницата и на кој ќе се расправа реалната основа за барањето на Ж. Силавски. Потоа, М. Давчевски го изнесе предлогот за повикување собир наречен Семакедонски конгрес, на кој би биле повикани сите македонски асоцијации во РХ (Заедницата, Советите на МНМ, МПЦ и др.) и кои би расправале за проблемите и негативните појави како и нивната меѓусебна поплодна соработка во иднина. Членовите на УО се согласија на следната седница да се именуваат 3

члена од Заедницата кои заедно со одбраните членови од останатите македонски асоцијации ќе бидат задолжени да ги припремат материјалите и програмата за одржувањето на Семакедонскиот конгрес. Се спомна и тоа дека треба да се поработи на дизајнот на благодарниците кои ќе се доделуваат од Заедницата. На крајот, М. Апостоловска како претс. на Зборот на новинарите на нац. малцинства при ХНД, ги извести присутните дека на 11 јуни ХНД организира трибина на тема „Каков третман во медиумите имаат мац. малцинства во РХ„ и освен претс. по службена должност, ги повика и останатите членови доколку можат, да присуствуваат на истата.

По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.40** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ